**Уп. бр. 08-10/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од 4иГ Информатикаи Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Монтевидео бр. 2/Ц, 1037 Будимпешта, Унгарија,, доставено преку Ивана Јефтиќ Николова, адвокат од Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 27.01.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која 4иГ Информатикаи Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Монтевидео бр. 2/Ц, 1037 Будимпешта, Унгарија, ќе стекне контрола над ФацеКом Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Сзабадсаг тер бр. 7, 1054 Будимпешта, Унгарија и Мобил Адат Тавкозлеси ес Информатикаи Сзолгалтато Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Монтевидео бр. 3/б, III ем.1, ајто, 1037 Будимпешта, Унгарија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на 4иГ Информатикаи Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Монтевидео бр. 2/Ц, 1037 Будимпешта, Унгарија, со која 4иГ Информатикаи Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг ќе стекне контрола над ФацеКом Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Сзабадсаг тер бр. 7, 1054 Будимпешта, Унгарија и над Мобил Адат Тавкозлеси ес Информатикаи Сзолгалтато Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг

со регистрирано седиште на ул. Монтевидео бр. 3/б, III ем.1, ајто, 1037 Будимпешта, Унгарија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**4иГ Информатикаи Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** е со главна дејност - дејност на компјутерско програмирање.

4иГ Информатикаи Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг има едно поврзано правно лице во Северна Македонија, а тоа е Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, Северна Македонија, чија што приоритетна дејност е– дејности на безжични телекомуникации.

**ФацеКом Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** е со дејност - компјутерско програмирање.

ФацеКом Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг не е присутно на пазарот во Република Северна Македонија.

**Мобил Адат Тавкозлеси ес Информатикаи Сзолгалтато Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** е со главна дејност - активности од други информатички технологии и компјутерски услуги.

Мобил Адат Тавкозлеси ес Информатикаи Сзолгалтато Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг не е присутно на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**